Архивски знак:
Shenja arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година viti
Потпис Nënshkrimi

Република Северна Македонија
ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
AGJENCIA-TEKNIKE OPERATIVE

OTA

Republic of North Macedonia
OPERATIONAL-TECHNICAL AGENCY

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
Оперативно-техничка агенција
Agjencia teknike-operative
Број: / Numer: 08-109/1
28.02.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКАТА АГЕНЦИЈА (ОТА) ЗА 2023 ГОДИНА

Скопје,
февруари, 2024 година



Ул.Орце Николов бр.48 1000 Скопје
Rr.Orce Nikolov nr.48 1000 Shkup
St.Orce Nikolov nr.48 1000 Skopje

www.ota.mk
info@ota.mk

## СОДРЖИНА:

СОДРЖИНА ..... 2
КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ ..... 2
I. ВОВЕД ..... 3
II. ЛЕГИСЛАТИВА И НАДЛЕЖНОСТИ ..... 4
III. РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ..... 4
IV. АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ..... 6
V. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОТА ВО 2023 ..... 11
VI. СОРАБОТКА ..... 15
VII. ОБЈАВУВАЊЕ ..... 16

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| ОТА | Оперативно-техничка агенција |
| ДБКИ | Дирекција за безбедност на класифицирани информации |
| АЕК | Агенција за електронските комуникации |
| ЗОТА | Закон за Оперативно-техничка агенција |
| ЗСК | Закон за следење на комуникации |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЗЕК | Закон за електронските комуникации |
| ЗЗЛП | Закон за заштита на личните податоци |
| ЗКИ | Закон за класифицирани информации |
| КИС | комуникациско-информациски систем |
| ПИМ | посебни истражни мерки |

# I. ВОВЕД

Согласно со ченот 7 од Законот за Оперативно-техничка агенција (ЗОТА) („Службен весник на Република Македонија" број 71/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19), директорот на ОТА до Собранието на Република Северна Македонија доставува за разгледување годишен извештај за работата на ОТА за претходната календарска година најдоцна до крајот на февруари во тековната година.

Во насока на исполнување на законската обврска, во предвидениот рок изготвен и доставен на разгледување е овој Годишен извештај за работата на ОТА за извештајниот период од 1[ви] јануари до 31[ви] декември 2023 година. Покрај доследноста при исполнувањето на законската должност, целта на овој Годишен извештај е навремено, транспарентно и отчетно информирање на надлежните авторитети и јавноста за состојбите, за преземените активности и постигнатите резултати од страна на ОТА во извештајниот период.

Овој Годишен извештај за работата на ОТА содржи прецизни податоци собрани и обработени од различи организациони единици во рамките на ОТА во текот на целиот извештаен период, а кои се однесуваат на законски задолжителните елементи што треба да ги содржи годишниот извештај наведени во член 7 став 3 од ЗОТА како што се податоци за: бројот на активирани комуникации за потребите на овластените органи; бројот на активирани комуникации за секој овластен орган одделно; состојбата и констатираните наоди при извршените стручни надзори од страна на ОТА над работата на операторите; бројот на спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА; финансиското работење на ОТА.

Покрај овие задолжителни законски елементи, како проактивен исчекор кон подетално известување, овој документ содржи и дополнителни објективни и веродостојни иформации и податоци заради добивање на реален впечаток за целокупната организација и резултати од работењето на ОТА, како и за тековите и состојбите кои биле од значење за работењето на ОТА во извештајниот период.

## II. ЛЕГИСЛАТИВА И НАДЛЕЖНОСТИ

ОТА е основана со ЗОТА како самостоен и независен државен орган. Со Законот се уредуваат основањето, надлежностите, раководењето, правата и обврските од работен однос на работниците во ОТА, стручниот надзор и финансирањето на ОТА. Во рамките на своите законски надлежности, ОТА е должна на сопствен трошок да обезбеди и одржува опрема и медијациски уреди со цел создавање и активирање на технички услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите, согласно со закон. ОТА дејствува како посреднички орган кој обезбедува технички поврзаност и премин помеѓу операторите и овластените органи со цел спроведување на следењето на комуникациите единствено врз основа на судска наредба, како за потребите на кривичните истраги, така и за заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата, во согласност со Законот за кривичната постапка и Законот за следење на комуникациите и без пристап до содржината на следената комуникација. Притоа, ОТА воспоставува мерки и процеси за избегнување на внатрешни и надворешни компјутерски упади и злоупотреба. Како дел од своите законски надлежности, ОТА врши стручен надзор над работата на операторите, за што директорот на ОТА од редот на работниците во ОТА формира комисија за стручен надзор над операторите.

За надлежностите и постапката за спроведување на работите и обврските од делокругот на работа на ОТА, покрај со ЗОТА, релевантни се и Законот за кривична постапка (ЗКП) и Законот за следење на комуникациите (ЗСК), Законот за електронски комуникации (ЗЕК), Законот за класифицирани информации (ЗКИ), Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП), како и останати релевантни позитивно-правни прописи за соодветните области.

Во текот на 2023 година, од страна на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија беше предложен Закон за изменување и дополнување на Законот за Оперативно-техничка агенција, кој не беше донесен, што е образложено во делот *Раководење*, подолу во овој документ.

## III. РАКОВОДЕЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА

### *Раководење*

Раководењето на ОТА согласно ЗОТА е уредено на начин што со ОТА раководи директор кој го избира и разрешува Собранието на Република Северна Македонија и тоа со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија на предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Согласно со важечкото законско решение, мандатот на директорот изнесува пет години, без право на повторен избор, при што не е уредено прашањето за раководењето на институцијата по истекот на времетраењето на мандатот на директорот од пет години, а во случај кога на денот на истекот на мандатот се уште не е завршена постапката за избор на нов директор.

Во април 2023 година, овие потенцијални ризици и штетни последици, заедно со предлог за измени на ЗОТА беа предочен од страна на ОТА пред пратениците, по што во мај 2023 година од страна на пратеници од пратеничките групи на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во Собранието на РСМ, доставен е предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за Оперативно-техничка агенција по скратена постапка со кој беше предложена измена на член 4 став (4) од ЗОТА во смисла *директорот да ја извршува функцијата со мандат од пет години или до изборот на нов директор.* Предлогот беше поставен на пленарна седница на Собранието на РСМ одржана на 10ти мај 2023 година и согласно образложението на еден од предлагачите имаше за цел обезбедување на континуитет во функционирањето на институцијата во случај да на денот на истекот на мандатот на директорот на ОТА Собранието се уште нема избрано нов директор. Ваквиот предлог беше изгласан со широк консензус (84 пратеници) и проследен до надлежното работно тело - комисијата за одбрана и безбедност за понатамошно постапување, по што од страна на оваа комисија не беа преземени понатамошни активности и не беа усвоени предложените измени на ЗОТА, а со што можноста за доведување на ОТА во ситуација на институционален правен вакум се оствари.

Мандатот на првиот директор на ОТА г-дин Зоран Ангеловски започна на 7ми септември 2018 година. Следствено, на 7ми септември од извештајната 2023 година, мандатот на тогашниот директор истече по сила на закон, без законски правен основ за продолжување на вршењето на функцијата до изборот на нов директор.

Собранието на Република Северна Македонија, на 5ти септември 2023 година донесе Одлука за објавување јавен оглас за избор на директор на ОТА, објавена во „Службен весник на РСМ" бр.187/2023 од 06.09.2023 година.

На 27ми ноември 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија ја избра Марија Јаническа за директорка на ОТА.

Практично, во периодот септември-декември 2023 година, ОТА беше доведена во состојба на институционален вакум, создаден поради ненавременото отпочнување на постапката за избор на нов директор и пролонгирање на изборот, а во отсуство од навремено усвојување на законски измени кои би овозможиле континуитет во така настаната правно-фактичка ситуација.

Вака создадениот институционален вакум имаше голем неповолен импакт врз вработените, работењето и реализацијата на плановите на ОТА за 2023 година.

### *Организација на работа*

На крајот на извештајниот период, ОТА броеше 25 вработени и 1 функционер избрано и именувано лице – директор на ОТА. Согласно ЗОТА (член 35 став (1)) со цел основање и воспоставување на ОТА, Владата на Република Северна Македонија обезбедува движен и недвижен имот, при што за остварување на работите од својата надлежност ОТА користи простории под закуп.

Правата и обврските од работниот однос, работниците во ОТА ги остваруваат согласно со одредбите од ЗОТА, прописите од областа на работните односи и колективен договор. Согласно со ЗОТА, работници во ОТА имаат статус на овластени службени лица, за чие вработување покрај останатите општи услови неопходно е потребно со безбедносна проверка да е утврдено дека не постои безбедносен ризик од вработување на лицето, како и поседување на национални безбедносни сертификати од највисок степен, како посебен услов. Како самостоен и независен државен орган, формиран во 2018 година, воспоставувајќи ги сите свои капацитети од почеток вклучително и човечки персонал, заради остварување на својата институционална функционалност, како и заради одлив на кадар, во претстојниот период ОТА има потреба и фокус за екипирање со стручен и професионален кадар.

### *Број на спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА во 2023*

Во текот на 2023 година во ОТА не беа спроведени дисциплински постапки за работници во ОТА.

## IV. АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### *Број на активирани комуникации за потребите на овластените органи*

Во текот на 2023 година, ОТА технички посредуваше во активирање на вкупно 257 комуникации за потребите на овластените органи во Република Северна Македонија.

Методолошки, како број на активирани комуникации за потребите на овластените органи е прикажан бројот на сите комуникации што се активирани врз основа на примени судски наредби во ОТА за спроведување на мерките следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации во текот на извештајната година, односно во периодот од 1[ви] јануари до 31[ви] декември 2023 година. Притоа, под мерки за следење и снимање на телефонски и други електронски комуникации се подразбираат посебните истражни мерки и мерките за следење на комуникациите заради заштита на интересите на безбедноста и одбраната на државата. Под активирана комуникација се подразбира секоја ново-активирана комуникација со определен единствен неповторлив параметар – идентификациски број содржан во судската наредба.

### *Број на активирани комуникации за секој овластен орган одделно*

Во извештајниот период од 01.01.2023 заклучно со 31.12.2023 година со техничко посредство на ОТА беа активирани:

- 164 комуникации за потребите на Министерството за внатрешни работи;
- 2 активирања за потребите на Управата за финансиска полиција и
- 1 активирање за потребите на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Методолошки, во оваа секција е прикажан бројот на активирани комуникации за секој овластен орган одделно. Притоа, согласно со член 7 став 3 алинеја 2 од ЗОТА, не се наведува бројот на активираните комуникации за потребите на безбедноста и одбраната.

### *Состојба и констатирани наоди при извршените стручни надзори од страна на ОТА над работата на операторите*

Во текот на 2023 година, во рамки на своите законски надлежности и остварување на планираниот функционален и стратешки развој, ОТА спроведуваше континуирани активности со телекомуникациските оператори и стручен надзор над начинот на нивното постапување при спроведување на мерките за следење на комуникациите и обезбедување на потребните технички услови за овозможување на следење на комуникациите во нивните мрежи, во согласност закон, при што од страна на надлежната комисија на ОТА, спроведувани се стручни надзори кај телекомуникациските оператори Македонски Телеком и А1 Македонија.

Во таа смисла, во извештајниот период, се одвиваа активности за потврда на функционалноста на системот за електронскиот регистар на страна на операторте, како и систематско испитување и преглед на состојбите, потребната околина и исполнетоста на условите на инфраструктурата на операторите поврзана со имплементација на решенија и исполнување на функционалноста за законско следење на електронските комуникации (LI), со цел овозможување на потребните технички услови за активирање на мерките за следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации со посредство на ОТА.

При стручните надзори, од страна на комисијата на ОТА беше извршен и увид во документација со цел проверка на организационо-административните мерки кои според важечките законски и подзаконски прописи е должен да ги исполни операторот. Притоа, беше извршена контрола на евиденциите на овластените лица кај операторите и документацијата и условите кои операторите и овластените лица имаат обврска да ги обезбедат заради примена на мерките и стандардите за информациска безбедност. Во рамки на тие контроли беше остварена и комуникација со офицерите за безбедност на класифицирани информации кај операторите со давање на насоки за доследно исполнување на обврските. Притоа, кај еден од операторите утврдени се наоди за неисполнување на обврски утврдени согласно закон и подзаконски акти за

што ќе бидат доставени извештаи, поточно отсуство на лице одговорно за примена на мерките и стандардите за информациска безбедност (член 68 став 3 од ЗСК) и негов заменик, како и точно дефинирање на надлежностите и овластување на лицата кои директно се поврзани со спроведување на барањата во врска со системите за следење на комуникациите кои треба поседуваат безбедносни сертификати со соодветен степен (Правилник за начинот на постапување на операторите при спроведување на мерките за следење на комуникации и начинот на вршење стручен надзор од ОТА [„Службен весник на РМ" бр.182/2019]).

### *Акредитација на комуникациско- информациски систем (КИС) за ракување со национални класифицирани информации*

Со цел унапредување на безбедноста и ефикасноста на процесот за спроведување на мерката за следење на електронските комуникации, ОТА имплементираше комуникациско-информациски систем (КИС) за ракување на класифицирани информации кој обезбедува законска, заштитена, сигурна, брза и ефикасна дигитална поврзаност, комуникација и интер-операбилност меѓу овластените и надлежни органи во процесот за спроведување на мерките за следење на комуникациите.

Во април 2023 година, со Одлука на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ), на ОТА и беше издаден сертификат за акредитација на КИС со кој се потврдува дека поставениот систем во сопственост на ОТА, на посочените локации согласно со Одлуката, ги исполнува условите за создавање, чување, обработка или пренос на национални класифицирани информации во електронска форма со степен „Строго доверливо". Акредитацијата од страна на ДБКИ како надлежен национален авторитет е донесена врз основа претходно изготвена обемна документација: проценка на ризик, изјава за безбедносни потреби, безбедносни оперативни процедури, како и врз основа на теренските посети и тестови на локации кои се дел од комуникациско-информацискиот систем, а за што е изготвен Извештај од извршена контрола на безбедносните аранжмани за исполнување на условите за работа и планот за безбедносно тестирање на системот.

Следствено, од страна на ОТА, воспоставен е акредитиран систем кој претставува значаен исчекор усогласен со националната регулатива и со современите техничко-технолошки и НАТО стандарди, придонесувајќи за подобрување на безбедноста и ефикасноста на процесите и како таков претставува реформски производ, чија функционалност и примена е заедничка, системска заложба и интерес. Воспоставениот систем е ресурс на Република Северна Македонија, кој со својот модуларен карактер нуди основа и потенцијал за поширока безбедна интер-операбилност помеѓу субјекти кои произведуват и разменуваат национални класифицирани информации.

Во текот на извештајниот период, се продолжи со активностите за проширување на територијалната застапеност на вака воспоставениот КИС, односно негова имплементација низ државата на ниво на апелациони подрачја и основни судови со проширена надлежност.

### *Организирање и реализирање на обуки за надлежни и овластени органи од страна на ОТА*

Во периодот март – мај 2023 година, ОТА организираше и реализираше повеќекратни обуки на дедицирани претставници од надлежните и овластени органи за користење на:

- системот за следење на комуникациите (претставници од правосудната полиција односно овластени органи и јавните обвинителства), како и
- системот за работа со национални класифицирани информации, односно системот за дигитализација на процесот на спроведување на мерката за следење на електронските комуникации (првосудна полиција односно овластени органи, јавни обвинители и судии).

Во рамки на овие обуки за секој од системите, беа обучени околу 100 претставници на надлежните институции кои се корисници на системот, односно директни учесници при процесот на издавање и проследување на судските наредби за спроведување на мерките за следење на електронските комуникации.

### *Надзор и контрола*

Надзор над мерките за следење на комуникациите што се спроведуваат од овластените органи, како и надзор над операторите и ОТА се врши од страна на: Собранието на Република Северна Македонија, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Агенцијата за заштита на лични податоци и Народен правобранител на Република Македонија, како и Советот за граѓанска контрола, додека контрола на законитоста на спроведувањето на мерката за следење на комуникации, на овластените органи, операторите и ОТА вршат: јавниот обвинител кој ја води истрагата и судијата на претходна постапка кој ја издал наредбата за посебната истражна мерка согласно со закон, односно Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и судијата на Врховниот суд на Република Северна Македонија кој ја издал наредбата за следење на комуникациите.

Во текот на извештајниот период, во ОТА не беа извршени надзорни и контролни посети од горенаведените авторитети.

На покана на ОТА, во извештајниот период во нејзините службени простории беше реализирана посета на претседателот и дел од членовите на собраниската комисија за надзор над мерките за следење на комуникациите, при што од страна на ОТА беше извршена презентација на воспоставениот и функционален електронски регистар и беа понудени креденцијали и упатства за негово користење од страна на комисијата за потребите на надзор. Со функционалноста на електронскиот регистар, на собраниската комисија и е овозможена системска алатка која го обезбедува интегритетот на извршените активности при спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, без човечка интервенција, со што се осигурува следливоста и контролата,

односно се унапредува и олеснува спроведувањето на суштинскиот надзор од страна на собраниската комисија согласно ЗСК.

При оваа посета, на претставниците на собраниската комисија им беше извршена и презентација на спроведениот процес за развој и имплементација на КИС за ракување со класифицирани информации во насока на унапредување и дигитализирање на процесот за спроведување на мерките за следење на електронските комуникации, за кои ДБКИ на ОТА и издаде сертификат за актредитација.

Во периодот мај-јуни 2023 година, комисијата за надзор над мерките за следење на комуникациите во Собранието на РСМ одржала состанок и пет продолженија на петнаесетата седница на комисијата со точка на дневен ред *Информации за работењето на ОТА*. За закажувањето, содржината и материјалите на оваа седница, ОТА не беше информирана, а директорот на ОТА беше повикан и присуствуваше на четвртото продолжение на седницата, со одговори и докуметација од интерес на собраниската комисија. Притоа, до ОТА не беа доставени записници, ниту заклучоци од петнаесетата седница на комисијата, а во јавноста беа изнесени соопштенија на кои ОТА повеќекратно јавно се произнесе со деманти и соопштенија до медиумите, како и со соодветна документација до Јавното обвинителство.

ОТА од своето формирање како самостоен и независен државен орган е истакнат застапник на доследното спроведување на законитоста, надзорот и контролата над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите, залагајќи се за редовни, континуирани и суштински надзор и контрола, со чие доследно спроведување од страна на сите чинители, ОТА работи во насока на враќање на довербата на јавноста во овој дел од безбедносниот сектор што е стратешка, системска и заедничка, општествена заложба која ги надраснува било каквите интереси. ОТА посветено работи на воспоставување на законски, безбеден, ефикасен и контолабилен систем за следење на комуникациите. Со воспоставените механизми на заштита од страна на ОТА, следењето на комуникации без издадена судска наредба во Република Северна Македонија не е и нема да биде возможно.

## V. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА ОТА ВО 2023

Начинот на финансирањето на ОТА е уредено со член 33 од ЗОТА и член 29-а од ЗЕК.

Средствата за плата, надоместоци и додатоци на плата, за работа, унапредување, модернизација и опремување на ОТА, како и за стимулирање на работниците во ОТА, предвидени со Годишниот финансиски план на ОТА, се обезбедуваат:

- од Буџетот на Република Северна Македонија (т.н. расходи од основен буџет) и
- од надоместоците на Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија, согласно со член 29-а од ЗЕК, врз основа на претходно одобрен Годишен финансиски план на ОТА од страна на комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија (т.н.расходи од самофинансирачки активности). Согласно со ЗЕК, АЕК е должна предвидените износи утврдени во годишниот извештај за работа на АЕК за претходната календарска година усвоен од комисијата на АЕК, да ги исплати на ОТА најдоцна до 15 април во тековната година.

### *Буџет на Оперативно-техничка агенција за 2023 година*

Во текот на буџетската 2023 година од аспект на обезбедување средства во Буџетот на ОТА се донесени следните релевантни акти:

1. *Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.282/2022);
2. *Одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.207/2023);
3. *Одлука за прераспределба на средствата помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.264/2023).

Прегледот на донесувањето, измените и дополнувањата на Буџетот на ОТА во текот на 2023 година се прикажани во табела 1.

Структурата на целокупниот Буџет за 2023 година, по сметки, е прикажан на Графикон 1.

*Табела 1. Буџет на ОТА за 2023 година*

| Структура на буџет | Сметка | Буџет на република северна македонија за 2023 година[1] | Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите[2] | Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и фондовите[3] | Финален буџет на ота за 2023 година |
|---|---|---|---|---|---|
| | | а | б | в | г=а+б+в |
| Расходи од основен Буџет | 630 | 272,200,000.00 | 0.00 | -133,000,000.00 | 139,200,000.00 |
| Расходи од самофинансирачки активности | 787 | 79,834,000.00 | 0.00 | 0.00 | 79,834,000.00 |
| Вкупно расходи | | 352,034,000.00 | 0.00 | -133,000,000.00 | 219,034,000.00 |

*Графикон 1. Структурата на финален Буџет на ОТА за 2023 година по сметки*




[1] Службен весник на РСМ бр.282/2022
[2] Службен весник на РСМ бр.207/2023
[3] Службен весник на РСМ бр.264/2023

### *Расходи на основен Буџет*

Расходите на основниот Буџет во текот на 2023 година беа намалени за вкупен износ од 133.000.000,00 денари.

### *Расходи од самофинансирачки активности*

Проекциите за реализација на расходите од самофинансирачки активности во 2023 година беа планирани со Годишниот финансиски план за 2023 година на ОТА кој беше одобрен од страна на Комисијата за надзор над спроведувањето на мерките за следење на комуникациите на Собранието на Република Северна Македонија.

Износот на Буџетот на самофинансирачката сметка од почетокот се до крајот на извештајниот период не се измени и од причина што ОТА се соочи со институционалниот вакум во периодот септември-декември 2023 година, создаден поради пролонгирање на постапката за избор на нов директор на ОТА, во ситуација кога мандатот на претходниот директор на ОТА истече по сила на закон. Ваквите околности резултираа со прелевање на реализацијата на одредени планирани финансиски обврски од 2023 година во 2024 година.

### *Реализација на Буџетот на Оперативно-техничка агенција за 2023 година*

Од вкупно одобрените средства во износ од 219.034.000,00 во Буџетот на ОТА за 2023 година, до крајот на 2023 година беа реализирани средства во вкупен износ од 123.777.827,00 денари, односно стапка на реализација од 56,51%, при што реализација на Буџетот по сметки е како што следи:

- од расходите на основен Буџет во 2023 година реализирани се вкупно 122.281.800,00 денари, што претставува 87,85% од вкупниот износ на одобрени средстава;
- од расходите од самофинансирачки активности, во 2023 година реализирани се вкупно 1.496.027,00 денари, што претставува 1,87% од вкупниот износ на одобрени средства. Нереализираниот износ од средствата согласно Закон за буџетите на крајот на фискалната година се пренесуваат во наредната 2024 година.

Реализацијата на средствата на ОТА за 2023 година распределени по ставки е прикажана во Табела 2.

**Табела 2. Реализацијата по ставки на буџетот на ОТА за 2023 година**

| Ставка | Потставка | Реализирани износи во денари |
|---|---|---|
| 40-Плати и надоместоци | 401 | 22.959.546,00 |
| | 402 | 10.928.607,00 |
| | 404 | 270.000,00 |
| 42-Стоки и услуги | 420 | 33.134,00 |
| | 421 | 3.601.489,00 |
| | 423 | 596.588,00 |
| | 424 | 61.095.714,00 |
| | 425 | 8.570.419,00 |
| | 426 | 497.742,00 |
| 46-Субвенции и трансфери | 464 | 34.364,00 |
| | 465 | 2.962.478,00 |
| 48 -Капитални расходи | 480 | 7.552.620,00 |
| | 485 | 4.675.126,00 |
| ВКУПНО | | 123.777.827,00 |

Од податоците за реализација може да се увиди дека поголемиот дел од Буџетот на ОТА за 2023 година, односно 60% од вкупниот Буџет се реализирани на ставка 42-Стоки и услуги од каде поголемиот износ на средства се искористени за извршување на основната функција на ОТА т.е. одржување на опремата и уредите заради создавање услови за спроведување на мерките за следење на комуникациите, додека остатотокот на средства е реализиран за расходи по ставки како што е прикажано во табелата и графиконот.

***Графикон 2. Реализација на Буџет по ставки за 2023 година по ставки***



## VI. СОРАБОТКА

Во извештајниот период ОТА остваруваше редовна соработка со надлежни институции, органи и тела, со цел доследна примена на позитивните прописи и регулатива по кои постапува и ја информираше јавноста за прашањата од јавен интерес, почитувајќи ги принципите на заштита на доверливите и класифицираните податоци.

Како дел од соработката со ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор, а заради подобрување на безбедноста на државата и граѓаните во рамки на демократското владеење, владеење на правото, почитување на човековите права и родовата еднаквост, ОТА континуирано и во извештајниот период беше вклучена и даваше поддршка на активности кои во рамки на Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026) се организирани од страна на ДЦАФ.

Притоа, во текот на 2023 година, ОТА даде свој придонес преку учеству со свои претставници и пренесување на знаење, искуства и практики во рамки на повеќе сегменти и тоа:

- *Поддршка на безбедносно-разузнавачката заедница* - претставници од ОТА во декември 2023 година беа предавачи во рамки на првиот курс за воена безбедност и разузнавање и добро владеење во организација на ДЦАФ и Воената служба за безбедност и разузнавање (ВСБиР). Во рамки на курсот кој содржеше теми на добро владеење на безбедносниот сектор со фокус на воената безбедност и разузнавањето, предавачите од ОТА дадоа значителен придонес и на учесниците на курсот од средно раководно ниво во ВСБиР им пренесоа специфични знаења, пракитики и искуства во делот за примена и користење на мерките и системите за следење на комуникациите.

- *Унапредување на родовата еднаквост* - преставници од ОТА беа излагачи и учесници на првиот Родов разговор на тема Родови перспективи во разузнавачкиот сектор, одржан во декември 2023 година во организација на ДЦАФ, а во соработка со партнерската организација УНИ ФОРМ (Здружение на жени од безбедносниот сектор). Родовиот разговор кој се оддржа пред публика која ја сочинуваа претставници од разузнавачки и безбедносни институции, граѓански организации, медиуми и академска заедница се одвиваше како модерирана дискусија која ја исполни својата цел, поттикнувајќи размислувања за напредокот и предизвиците на практиките за вклучување на родовата перспектива во разузнавачките и безбедносните институции на Република Северна Македонија.

- *Развивање стандарди за известување* - претставници од ОТА во текот на 2023 година учествуваа на работилници и средби кои резултираа со изготвување на Водич за изработка на годишни извештаи во безбедносните/разузнавачките служби и контролните/надзорните институции, чија цел е развивање на заеднички стандарди и принципи за известување, односно подготовка на јавни извештаи.

## VII. ОБЈАВУВАЊЕ

Овој Годишен извештај за работењето на Оперативно-техничката агенција (ОТА) за 2023 година, во законски предвидениот рок, се доставува за разгледување до Собранието на Република Северна Македонија и истиот се објавува на видливо место на интернет страницата на Собранието на Република Северна Македонија www.sobranie.mk и на интернет страницата на ОТА www.ota.mk.

ОПЕРАТИВНО-ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА
ДИРЕКТОР,

Марија Јаническа

Изработено во 3 (три) оригинални примерока и доставено до:

- Собрание на Република Северна Македонија, 1 примерок
- Писарница на ОТА, 2 примерока